Роберт Јанкулоски

# МАНАКИ ФОТОГРАФИ



# ОД БЛИСКУ



бр.1563
Весосипедска трка Битола – Прилеп (втор од десно со велосипед е Милтон), стаклена плоча (128x177 мм), Прилеп, 1907

Желбата да го зачуваат времето направи да влезат во антологијата на светската кинематографија како први сниматели на Балканот. Но, до крајот на својот живот тие ѝ останаа верни на фотографијата, третирајќи ја како уметност и користејќи ги во целост можностите на фотографсиот медиум. Фотографското наследство на Браќата Манаки (18 513 негативи, од кои што 7 115 стаклени плочи и 10 952 оригинални фотографии, изработени во фотолабораторијата на Манаки) дава можност за најразлично толкување на нивното творештво. Оваа изложба нема претензии да направи пресек на целокупното фотографско творештво, туку само да прикаже дел од нивната работа.

Иако се сведоци скоро на сите поважни настани што се случиле во првата полвина на 20. век, Браќата Манаки оставија вредни фотодокументи од самиот крај на 19. Врската со Битола, Janaки ја започнува во 1890/91 година како ученик во битолската Романска гимназија. Кон крајот на шестгодишното школување се заинтересирал за фотографијата, а тајните на фотографскиот занает ги научил од некој битолски фотограф. Според кажувањата на Михајло Зега, кој работел како калфа во ателјето на Браќата Манаки, Јанаки, фотографскиот занает го научил од некој турчин од Јанина по име Незир. Како и да е Јанаки Манаки (1878, Авдела, денешна Грција – 1954, Солун) во 1898 година отвора фотографско ателје во Јанина (денешна Грција). Неколку месеци подоцна во ателјето му се придружил помладиот брат Милтон (1882, Авдела – 1964, Битола). Фотографското ателје во Јанина претставувало адаптиран дел од стара куќа и било скромно опремено. Како реквизита користеле затегнато, насликано платно за позадина и неколку столови, суви гранки и корени. Портретите и групните фотографии ги снимале на дневно светло. Во ова време често патуваат снимајќи во различни места, при што покрај портретните фотографии создаваат и дела со голема документаристичка вредност. Од некои мотиви снимени во овој период издаваат разгледници коишто ги печатат во поголем тираж. Честите патувања на Јанаки во Битола на почетокот од 20. век, во 1905 година резултираат со отворање на фотографско ателје коешто, за разлика од Јанина каде што ателјето гласело на Јанаки, во Битола било регистрирано на двајцата под името "Браќа Манаки – Ателје за уметничка фотографија". Истото се наоѓало на главната битолска улица.

Фотографското творештво на Браќата Манаки, временски се дели на два периоди: јанински и битолски период. Во рамките на битолскиот период е и тригодишниот престој и работа на Јанаки во Пловдив (Бугарија) од 1916 до 1919 година. Некои истражувачи творештвото на Јанаки во Пловдив го издвојуваат како трет, пловдивски период. Во поглед на авторството над фотографиите (освен фотографиите од Пловдив, за кои што се знае дека ги снимил Јанаки, и оние снимени во тој период во Битола, од страна на Милтон) не може со точност да се определи кој од двајцата е автор на конкретна фотографија. Во фотографската работилница на Манаки неколку фотографи го научиле фотографскиот занает работејќи како калфи така што мал дел од фотографиите можно е да се снимени и од нив.

Во Битола, Браќата Манаки веќе се вистински мајстори и фотографиите снимени во нивното студио, претставуваат творби со високи естетски дострели. Слично како и некои други фотографи, но со поголема посветеност и умешност, Браќата Манаки ги зачувуваат од заборав сите поважни настани што се случиле во тоа време, не само во Битола туку и пошироко, Солун, Цариград, Букурешт и други места.

За квалитетот на нивните фотографии постојат и повеќе материјални докази. Имено, на 10 мај 1906 ателјето на Манаки е наградено со јубилеен медал по предлог на Министерството за надворешни работи на Романија. Од 05 – 18 ноември 1906 година Браќата Манаки учествуваат на Големата изложба на фотографии во Букурешт и се наградени со плакети за висок уметнички дострел во фотографијата. Колку биле ценети како фотографи говори и фактот што Браќата Манаки се прогласени за дворски фотографи на: романскиот крал Карол I (1906), турскиот султан Мехмед Решат V (1911) и српскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ (1929).

*м-р Роберт Јанкулоски*



бр.2242
Јанаки Манаки во студио
стаклена плоча (164x118 мм), Пловдив (Бугарија), 1916/19



бр.153

Офицерот Чопи и наставникот Бартипан играат шах со живи фигури, стаклена плоча (178x238 мм), Битола, 1924




бр.4254
Електрификација на Битола
стаклена плоча (98x148 мм), Битола, пред 1930



бр.948
Портрет на жена со дете облечена во влашка народна носија
стаклена плоча (128x178 мм), Битола, 1904/05



бр.946
Мајка со изгладнети деца, стаклена плоча (128x178 мм), Битола, 1916



бр.3402
Мртва природа со чевли, стаклена плоча (90x129 мм), Пловдив (Бугарија), 1916/19
Насловна: бр.3470
Милтон Манаки со филмската камера Bioscope No 300, стаклена плоча (98x148 мм), во близина на Битола, 1912

**Изложбата се реализира во рамките на проектот / Кич, да!? / сте или не / 2014**
**и ќе биде поставена во повеќе градови во Македонија**

Фотографиите се изработени од оригиналните стаклени плочи во дисперзираната лабораторија на Македонскиот центар за фотографија.
Благодарност до Државниот архив на Македонија - подрачно одделение Битола за отстапениот материјал.

Дирекција за култура и уметност - Скопје
Directorate of Culture and Arts - Skopje
Бул. „Св. Климент Охридски" 58 б пошт. фах 519
тел/факс: ++389 02 3165 064, 3222 341
e-mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА Р. МАКЕДОНИЈА

македонски
центар за
фотографија
macedonian
centre for
photography